ЗДРУЖЕНИЕ НА МАТЕМАТИЧАРИ - БИТОЛА

До

Директорот и Активот на математичари

Предмет :

## Известување за Меѓународниот математички натпрвар

## КЕНГУР 2014.

Почитувани!

Согласно програмските активности за учебната 2013/14г , Здружението на математичари Битола во соработка со Сојузот на математичари на РМ , е организатор на Меѓународниот математички натпревар „КЕНГУР 2014,, на локално ниво .Согласно Известувањето од Сојузот на математичари на РМ од 27.01.2014 г , испратено и до Вашето училиште, натпреварот треба да се одржи на **20.03.2014 со почетк во 11 часот.**

Напреварот се организира во 7 категории:

1-одделение од деветолетка;
2 и 3 одделение од деветолетка;
4 и 5 одделение од деветолетка;
6 и 7 одделение од деветолетка:
8 одделение деветолетка и
8 одделение од основните училишта;
1 и 2 година од средните училишта;
3 и 4 година од средните училишта.

За учество на натпреварот секој учесник треба да плати **по 130 ден** . Минималниот број наптеварувачи од едно училиште е 10. Дел од средствата остануват за потребите на активте на наставниците по математика во училиштето и тоа

-за пријава од 10 -39 напреварувачи , 12 ден по напреварувач,
-за пријава од 40 до 99 натпреварувачи , 23 ден по натпреварувач
-за пријава од 100 до 300 натпреварувачи 34 ден по натпреварувач,
-за пријава над 300 натпреварувач по 45 ден по натпреварувач.

Секој учесник на натпреварот традиционално ќе добие мала награда. За натпреварувачите со најдобри резултати според критериумите на Комисијата при СММ предвидени се награди , дипломи и пофалби. **Секој наставник, ментор на ученици, ќе добие потврда за учество на натпреварот. Секое училиште кое има учесници на натпреварот ќе добие соодветна документација за одржаниот натпревар.**

За ефикасно спроведување на натпреварот **рокот на пријавување на бројот на учесниците како и уплата на средствата е до 01 март 2014 година. Уплатата да биде групна на ниво на училиште.**

**Во порачката и при уплатата на средствата да се наведе име и презиме на лицето што уплатило, висината на средствата и датумот на уплата, училиштето и градот за кој е извршена уплатата со назнака за КЕНГУР 2014 г.**

Претседател на ЗМ:
Лидија Шунда Шокларовска

ЗДРУЖЕНИЕ НА МАТЕМАТИЧАРИ - БИТОЛА

Паричните средства да се уплатуваат групно за сите натпреварувачи од едно училиште на адреса **Здружение на математичари –Битола** , трансакциска сметка

**500 0000001953 85 , дб 4002977125550**

**Пријавувањето да биде задолжително по email кај** marijagramatkovska@yahoo.com

и тоа напишано во **Excel** табела во седум **(7**) графи по овој редослед :
реден бр, име и презиме на ученикот натпреварувач, одделение, училиште, град, село , име и презиме на ментор на ученикот (**податоците да се внесуваат со македонска подршка )**. **Во секоја пријава обавезно да се наведе точното име и презиме на ДИРЕКТОРОТ на училиштето**. Во истиот документ да се назначи и одговорен наставник или претставник со полно име и презиме и телефонски броеви ( на работа, дома и мобилен). Податоците на учениците и училиштето да бидат точно напишани со цел дипломите да бидат веродостојни. Во спротивно, укажано е од Сојузот на математичари дека исправки на истите нема да се прават.
Се предупредуват колегите од Активот на наставниците по математика, натпреварот да го организираат во најдобар можен ред. Во случај на откривање на нерегуалрности на наптеварот во сответното училиште истиот ке биде поништен.

**Потребните материјали за натпреварот ќе се подигнуваат од Бирото за развој на образованието на денот на натпреварот , а подигнатите материјали ќе се враќаат истиот ден до 14 часот.**

Согласно укажувањето од Сојузот на математичари на РМ во тој контекс и закучокот на Извршниот одбор на ЗМ Битола , Ве известуваме дека за регуларно спроведување на натпреварот треба да се формираат комисии за спроведување на истиот.

Лицата задолжени за спроведување на натпреварот не смеат да бидат во просторијата во која има ученици на кои тие им го предаваат предметот математика. На денот на одржување на натпреварот претставници од Здружението и од Сојузот ќе извршат контрола и до колку се констатира пропусти за време на одржувањето на натпрварот истиот ќе биде поништен.

Лица за контакт :

**Марија Граматковска**, тел. 047 60 91 25, (мобилен тел. 071 39 96 82 ) и

**Ице Јошевски** тел. 047 25 81 44, (мобилен тел. 075 92 85 54 )

СО ПОЧИТ !

Претседател на ЗМ:
Лидија Шунда Шокларовска